***Автори:*** Миша Поповиќ, Илина Мангова, Весна Никодиноска, Петрит Сарачини
***Дата:*** *мај 2011 година*
***PDF:*** prv-izvestaj-od-integriraniot-monitoring-za-izborite-mojot-izbor-2011.pdf



Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори, кои вклучуваат истражувања, набљудувања на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Дел од активностите предвидени со мониторингот се извештаи за текот на изборната кампања, работата на изборната администрација, како и извештај од мониторингот на медиумите. Деловите за изборната администрација и политички кампањи се подготвени од и се одговорност на Институтот за демократија, додека делот за мониторинг на медиумите е подготвен и е одговорност на Македонскиот институт за медиуми.

Во мониторингот на медиумите се вклучени 13 медиуми, од кои седум се комерцијални телевизии на државно ниво - А1, Канал 5, Сител, Телма и Алсат-М (на македонски и на албански јазик), како и два канала на Јавниот сервис МТВ1 и МТВ 2 (програмата на албански јазик). Кај телевизиите се мониторира едно издание на вестите во ударниот термин од 17.00 до 24.00 часот, како и дебатни емисии и интервјуа. Примерокот ги опфаќа и весниците Дневник, Време, Вечер, Нова Македонија, Утрински весник и Коха (на албански јазик). Податоците се собираат преку комбинација на квантитативни и квалитативни истражувачки инструменти. Во истражувањето учествуваат 12 монитори, двајца истражувачи-аналитичари, еден контролор и еден истражувач - лидер на тимот.

Истражувањето треба да покаже дали медиумите известуваат непристрасно и избалансирано, дали ги пренесуваат информациите точно и објективно, дали употребуваат или пренесуваат говор на омраза или „недоличен“ јазик, дали мешаат вести и коментар, факти и сопствено мислење. Се мониторира и дали медиумите промовираат култура на говорот и етиката, дали се впуштаат во непримерна комуникација со јавноста и дали го користат медиумот за пресметка со личности, вклучувајќи ги и колегите-новинари.

Финалниот извештај од интегрираниот изборен мониторинг ќе биде објавен во текот на јуни и ќе вклучува оценка за изборниот процес во целина.